ТРИАТЛОН ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TRIATHLON FEDERATION OF NORTH MACEDONIA
Сметка: 200001456255462 Дан. бр: 4030001441737 *Стопанска банка
Број _____ Дата _____

ЈАВЕН ОГЛАС

за учество во активностите на проектот „Рамноправни на стартот“

(Проект финансиран од Европската Унија)

Триатлон Федерацијата на Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на кандидатки за учество во активности насочени кон унапредување на женското учество во тренерската структура, развој на нивниот професионален потенцијал и јакнење на родовата еднаквост во спортот.

Име на проектот: „Рамноправни на стартот“

Цел на проектот:

Да се унапреди свесноста за родовите стереотипи и родовата еднаквост во Федерацијата, како и да се обезбеди посебна поддршка за жените тренери со цел поголема застапеност, професионален развој и долгорочен ангажман во триатлонот.

Опис на проектните активности

Проектот опфаќа две главни компоненти:

1. Поддршка за жени тренери и процес на нивно лиценцирање

Во рамки на оваа компонента ќе бидат избрани три кандидатки кои ќе добијат структурирана поддршка за нивно професионално оформување како тренери. Активноста опфаќа:

- учество во тримесечна менторска програма водена од стручни триатлон тренери,
- учество во најмалку 12 индивидуални менторски сесии,
- практична работа во реална спортска средина – клуб, тренинг-процес или натпревар,
- насочено развивање на тренерски и/или менаџерски компетенции под стручно водство,
- месечен хонорар од 7.731 денари во период од три месеци.

Оваа активност има за цел да им овозможи на кандидатките сигурен влез во тренерската професија, развој на практични вештини и континуирана поддршка до нивно целосно оспособување и лиценцирање.

2. Обуки за препознавање на несвесни родови стереотипи

Оваа активност е наменета за сите структури во Федерацијата – тренери, судии, клубови и управни тела.

Целта е:

- зголемување на свесноста за родова еднаквост,
- препознавање и надминување на родови предрасуди,
- создавање поинклузивна, безбедна и поддржувачка спортска средина.

Кој може да аплицира за менторската програма?

Право на аплицирање имаат сите полнолетни жени кои сакаат да изградат тренерска кариера во триатлон и да придонесат кон развојот на спортот во својата заедница.

Основни услови:

- жени на возраст над 18 години;
- висока мотивација за вклучување во тренерската професија и развој на триатлонот во локалната средина;
- подготвеност за активно учество во тримесечната менторска програма и најмалку дванаесетмесечен период на придонес по нејзиното завршување.

Препорачани карактеристики на кандидатките:

- желба за основање сопствен триатлон клуб – кандидатките кои имаат визија за развој на свој клуб ќе се сметаат за предност поради долгорочниот потенцијал за развој на спортот;
- интерес за работа со деца, млади и возрасни, како и за креирање спортски програми;
- проактивност, одговорност и способност за тимска работа, особено во соработка со клубови, ментори и Федерацијата;
- подготвеност за волонтерство и вклучување во организација на настани, тренинзи и други активности поврзани со триатлон;
- одлични комуникациски и организациски вештини, важни за идни тренери и носители на активности во спортот.

Образование и искуство:

- диплома од Факултет за физичко образование, спорт и здравје или завршено формално спортско образование не е задолжително, но се смета за предност;
- претходно спортско искуство (како спортистка, тренерка или волонтерка) не е задолжително, но се смета за предност;
- искуство во работа со луѓе, младински програми, рекреативни активности или спортски настани.

Кого особено охрабруваме да аплицира?

- жени кои сакаат да започнат нова професионална насока;
- жени кои веќе се активни во спортот, но сакаат да станат тренери;
- жени од помали средини кои сакаат да развијат спортска структура во својата заедница;
- жени заинтересирани за градење долгорочна кариера во спортот и создавање позитивни промени.

Што добиваат избраните кандидатки?

- професионална менторска програма прилагодена на нивните цели;
- практично искуство во работа со клуб;
- можност за понатамошно учество во обуки и едукативни активности;

- месечен хонорар од 7.731 денари (во период од 3 месеци);
- можност за долгорочна соработка со клубови и Федерацијата.

Обврски на избраните кандидатки

По успешно завршување на тримесечната менторска програма, кандидатките се обврзуваат во период од 12 месеци активно да придонесуваат кон развојот и унапредувањето на триатлонот, особено во младинските категории во нашата земја, согласно нивните компетенции, интереси и реални можности.

Форми на придонес:

- основање сопствен триатлон клуб и активно вршење тренерска работа;
- тренерска работа во постоечки клуб;
- поддршка на младински и развојни програми во рамки на клубови, училишта или Федерацијата;
- волонтирање на спортски настани, натпревари и манифестации поврзани со триатлон;
- организација или учество во активности на Федерацијата (логистика, подготовки, кампови, промотивни активности и др.);
- спроведување или поддршка на едукативни содржини (работилници, кампови, обуки, тренинзи и сл.).

Поддршка и бенефити од ТФСМ

Триатлон Федерацијата на Северна Македонија, со цел поддршка на едногодишниот ангажман на кандидатките, обезбедува:

Стручна поддршка

- пристап до ментори и стручни лица;
- насоки за развој на клуб, тренинзи и спортски програми;
- можност за лиценцирање на тренер.

Административна помош

- поддршка при регистрација на нов клуб;
- помош при планирање активности и организација на локални настани.

Ресурси и материјали

- едукативни материјали и техничка документација;
- можност за користење опрема и промотивни материјали (кога се достапни);
- можност за бесплатно ново лого за новоформирани клубови.

Финансиска и логистичка поддршка

- поддршка за проекти и активности во рамки на буџетските можности;
- логистичка помош за локални настани.

Развој и промоција

- вклучување во едукативни програми;
- промоција преку социјалните медиуми на Федерацијата.

Потребни документи за апликација

- кратка биографија (CV);
- писмо за мотивација (до 1 страница);
- контакт-податоци (телефон и e-mail).

Начин на аплицирање

Документите доставете ги на:
zisovskaelena@triathlon.mk
b.gjorgjieska@yahoo.com

Рок за аплицирање:

04 јануари 2026 година

Лице за контакт за дополнителни информации:

Бојана Ѓорѓиеска
Тел: 077/901-557
e-mail: b.gjorgjieska@yahoo.com

Содржината на овој документ е дел од проектот „Рамноправни на стартот“ и претставува исклучива одговорност на Триатлон Федерацијата на Северна Македонија.

EQUAL PLAY :
Championing Gander Equality in Sports Policies

Co-funded by the European Union